# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 02 Год. XV 26 јануари 2012 г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: 42-та седница

**Совет на општина Василево**


1. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишниот Извештај за работа на комуналниот инспектор за период од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година.................................02

2. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на кварталниот извештај за извршување Буџетот на Општина Василево за 2011 година за извештајниот период од 01.01 до 31.12.2011 година (К-1).......................................................................................................03

3. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2011 г (К-2)....................04

4. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2011 г (К-3)......04

5. **ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства на ОК „Сушево“ од Сушево.......05

6. **ОДЛУКА** за одобрување на финансиска помош на Црковниот одбор на с Ангелци.......................................................................................................................06


**Градоначалник на општина Василево**


7. **РЕШЕНИЕ** бр. 2/2012г за потреба од јавна набавка................................................06

8. **РЕШЕНИЕ** бр. 3/2012г за потреба од јавна набавка................................................09

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Заклучокот** за усвојување на Годишниот Извештај за работата на комуналниот инспектор за период од 01.01.2011 година до 31.12. 2011 година,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 25.01.2012 година

Бр.08-200/2 Општина Василево
26.01.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 5/02) и член 21 точка 44 од Статутот на ОпШтина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03 бр.08/06 и бр.10/06), Советот на опШтина Василево на својата редовна седница одржана на ден 25.01.2011 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Годишниот Извештај за работата на комуналниот инспектор за период од 01.01.2011 година до 31.12. 2011 година

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работа на комуналниот инспектор за период од 01.01.2011 година до 31.12. 2011 година

2.Составен дел на овој заклучок е и Годишниот Извештај работата на комуналниот инспектор за период од 01.01.2011 година до 31.12. 2011 година

3.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.07-200/1 Совет на општина Василево
26.01.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

**И З В Е Ш Т А Ј**
**За работата на комуналниот инспектор за период од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година**

Во периодот кој е предмет на разгледување на овој извештај, работењето на советникот за комунални работи - инспектор на општина Василево е насочени кон реализација на основните закони од комуналната дејност и помошни законите кои помагаат во водењето на постапката.

Основни закони од комуналната дејност се следните законски прописи:

- Законот за комунални дејности, ( Сл. Весник на РМ број 45/97 )
- Законот за јавна чистота, ( Сл. Весник на РМ број 111/08 )
- Законот за гробишта и погребални услуги, ( Сл. Весник на РМ број86/08 )
- Законот за управување со отпад, ( Сл. Весник на РМ број68/04 )
- Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води ( Сл. Весник на РМ број68/04 ) и
- Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти. ( Сл. Весник на РМ број 66/04 )

Помошни Закони кои помагаат во водењето на постапката се:

- Законот за општа управна постапка, ( Сл. Весник на РМ број 38/05 )
- Законот за прекршоците ( Сл. Весник на РМ број 62/06 ) и
- Законот за инспекциски надзор, ( Сл. Весник на РМ број 50/10 )

Покрај овие законски прописи согласно член 7 од Законот за комунални дерјности Општина Василево има донесено и Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување, ( сл. Гласник на општина Василево број 1/98 ).

Бидејки во сите овие законски прописи постојат категории на даватели на услуги и корисници на услуги советникот за комунални работи ги контролира сите субјекти без разлика на тоа во каква улога се појавуваат. Контролирањето се врши над:

- Правните лица, ( деловните субјекти)
- физичките лица ( граѓаните)
- Јавното комунално претпријатие и
- Советите на месните заедници

Сите овие зконски прописи во зависност од конфигурацијата на теренот во населените места, густината на населеноста и најмногу од навиките на граѓаните не се почитуваат во доволна мера.

Контролата на територијата на општината советникот ја врши преку:

- писмени пријави на граганите или правните лица,
- редовни контроли и

- повторни контроли по дадено Решение.

На секоја писмена пријава од горе споменатите субјекти се одговара позитивно, односно се врши увид на лице место. Голем дел од овие пријави не се однесуваат на комуналната свера туку повеќе на геодетско-катастарската, градежната или пак на меѓусебната нетрпеливост на соседите. За сите проблеми кои не се од комуналната свера се трудиме да ги упатиме граѓаните до другите институции кои се надлежни за посочените проблеми.

Во периодот кој е предмет на овој извештај

Комуналниот инспектор има направено 73 контроли на територијата на општината. Овие контроли резултирале со правење на:

- 26 Записници за извршен инспекциски надзор на лице место,
- 13 Решенија со рокови за отстранување на одредени неправилности,
- 12 Записници за констатирана состојба по повторен увид на лице место,
- 12 Заклучоци за запирање на постапка,
- 8 Заклучоци за неповедување на постапка,
- 5 Заклучоци за отфрлање на барање,
- 3 Известувања,

-35 контроли кои не резултирале со составување Записник бидејки се однесувало на области за кои не е надлежен комуналниот инспектор и не е поведено писмено барање.

Најчесто прекршување на споменатите закони и Одлуката за комунален ред не се почитува во следните сегменти:

- одведување на отпадни и атмосферски води;
- изнесување и депонирање на комунален цврст отпад и отпадоци од колење на животни;

**Одведување на отпадна и атмосферска вода**

Проблемите околу одведувањето на отпадните и атмосферски води најмногу се присутни во населените места каде теренот е ридско планински. Во тие населени места одведувањето на водите претежно се врши во долови покрај населените места или по селски ендеци покрај улиците. Таквите проблеми најмногу се присутни во населените места Доброшинци, Чанаклија, Висока Маала, Нова Маала, Владевци, Сушево, Радичево, Дукатино, Едрениково и Седларци. Во извршените инспекциски контроли во сите овие населени места, сторителите на прекршоци се опоменуваат дека согласно Одлуката за комунален ред одведувањето на отпадните и атмосферските води треба да се врши во септички јами направени од цврст материјал.

Изнесување и депонирање на комунален цврст отпад

Изнесување и депонирање на комунален цврст отпад како проблем се наметнува во сите населени места во општина Василево. Во населените места каде што има локална депонија (Василево, Градошорци, Ангелци, Владевци, Доброшинци, Едрениково, Сушево, Чанаклија, Пиперево и Радичево) населението го носи отпадокот во неа но не е редок случајот патот кој води до локалната депонија да е најнечист, бидејќи населението на пат кон депонијата го остава комуналниот отпад. Населените места во кои нема ликација за депонија се: Дукатино, Нова Маала, Седларци и Трибичино, комуналниот отпад го депонираат на диви депонии.

За одржувањето на јавната чистота и за создадените диви депонии по населените места се грижи ЈП „Турија“ Василево. Во зависност од финансиските средства на општината предвидени во програмата за комуналната свера јавното претпријатие врши чистење по пријава од советникот за комунални работи. Организирано собирање на комунален цврст отпад се врши во 7 (седум) населени места, но со скромен број на домакинства.

Бр.13-130/1 Општина Василево
17.01.2012г Советник-Комунален инспектор
Василево Општина Василево

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Заклучокот з**а усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2011 година за извештајниот период од 01.01. до 31.12.2011 година(К-1),

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 25.01.2012 година

Бр.08-201/2 Општина Василево
26.01.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр

5/02),член 32 став 1 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 61/04) и член 21 од Статутот на Општина Василево -Пречистен текст („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03 и бр.08/06), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 25.01.2012 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**

за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2011 година за извештајниот период од 01.01. до 31.12.2011 година(К-1)

1.Се усвојува кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2011 година за извештајниот период од 01.01. до 31.12.2011 година (К-1).

2.Составен дел на овој Заклучок е и Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Василевоза 2011 година за извештајниот период од 01.01. до 31.12.2011 година(К-1).

3.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.07-201/1 Совет на општина Василево
26.01.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2011 година (К-2),

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 25.01.2012 година

Бр.08-202/2 Општина Василево
26.01.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 5/02),член 32 став 1 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 61/04) и член 22 од Статутот на Општина Василево -Пречистен текст („Службен гласник на ОВ“ бр.10/06), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 25.01.2012 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**

за усвојување на кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2011 година (К-2)

1.Се усвојува кварталениот извештај за доспеаните а неизмирени обврски за 2011 година за период од 01.01 до 31.12.2010 година (К-2)

2.Составен дел на овој заклучок е кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски за 2011 година за период од 01.01 до 31.12.2011 година (К-2)

3.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.07-202/1 Совет на општина Василево
26.01.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2011 година (К-3)

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 25.01.2012 година

Бр.08-203/2 Општина Василево
26.01.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

-------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 5/02),член 32 став 1 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 61/04) и член 22 од Статутот на Општина Василево -Пречистен текст („Службен гласник на ОВ“ бр.10/06), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 25.01.2012 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**

за усвојување на кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2011 година (К-3)

1.Се усвојува кварталениот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за 2011 година за период од 01.01 до 31.12.2010 година (К-3)

2.Составен дел на овој заклучок е кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за 2011 година за период од 01.01 до 31.12.2011 година (К-3)

3.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.07-203/1 Совет на општина Василево
26.01.2012г Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска средства на ОК „Сушево„ од Сушево ,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 25.01.2012 година

Бр.08-204/2 Општина Василево
26.01.2012г Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр.04/03, 08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 25.01.2012 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиска средства на ОК „Сушево“ од Сушево**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува финансиски средства во износ од 30 000 денари на ОК „ Сушево„ од Сушево.

Член 2

Средствата утврдени во член 1 се одобруваат на ОК „ Сушево„ од Сушево за успешно довршување на есенскиот дел од првата македонска одбојкарска лига.

Член 3

Финансиските средства ќе се уплатат на сметката : 370041100214475 депонент Еуростандард Банка..

Член 4

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2012 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-204/1 Совет на општина Василево
26.01.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на

општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска помош на Црковниот одбор на с.Ангелци , што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 25.01.2012 година

Бр.08-205/2 Општина Василево
26.01.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.
.

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево " бр.04/03 и бр.08/06), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 25.01.2012 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиска помош на Црковниот одбор на с.Ангелци**

Член 1
Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува финансиски средства во износ од 30 000 денари на Црковниот одбор на с.Ангелци .

Член 2
Средствата утврдени во член 1 се одобруваат на Црковниот одбор на с.Ангелци заради изградба на нов православен храм во с.Ангелци.

Член 3
Финансиските средства ќе се уплатат на сметката на Црковниот одбор на с.Ангелци .

Член 4
Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на опШтина Василево за 2012 година

Член 5
Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-205/1 Совет на општина Василево
26.01.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06и 09/10), Градоначалникот на Општина Василево донесе

**РЕШЕНИЕ бр. 2/2012**
**За потреба од јавна набавка**

Член 1
Со оваа Решение се утврдува потребата од јавна набавка на услуги од Агенција за привремени вработувања за потребите на општинската администрација на општина Василево за 2012 година.

Член 2
Набавката ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди без објавување оглас,во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11 ).

Член 3
Оваа набавка ќе биде внесена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година на општината и проценетата вредност на набавката е 300.000 денари..

Член 4
Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде најнизок процент во понудата:
- процент 100 поени

Член 5
Постапката за набавка ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена,претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6
За претседател и заменик претседател се именуваат:

-Ацо Митев- претседател;
-Тони Ристов - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

-Славе Андонов- член;
-Убавка Стојчева-зам.член;
-Каролина Додевска-член;
-Боби Величковски-зам.член;

Член 7

Оваа Решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево".

Бр.08-148/1 Општина Василево
17.01.2012 Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р.

* * *

Врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ" бр.04/03, 08/06и 09/10), Градоначалникот на Општина Василево донесе

**РЕШЕНИЕ бр. 3/2012**
**За потреба од јавна набавка**

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потребата од јавна набавка на рекламен и друг печатен материјал за потребите на општина Василево (сукцесивна набавка).

Член 2

Набавката ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди без објавување оглас,во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11 ).

Член 3

Оваа набавка ќе биде внесена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година на општината и проценетата вредност на набавката е 300.000 денари.

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде:

- најниска цена 100 поени

Член 5

Постапката за набавка ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена,претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:

-Ацо Митев- претседател;
-Тони Ристов - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:
-Славе Андонов- член;
-Убавка Стојчева-зам.член;
-Каролина Додевска-член;
-Боби Величковски-зам.член;

Член 7

Оваа Решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево„.

Бр.08-186/1 Совет на општина Василево
24.01.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р